Арх.бр. УП1-15 593/2021
Дата: 26-04-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врски, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово.**

Во граници на планскиот опфат влегуваат и дел од КП 3621/2 и дел од КП 5047 кои се дел од магистралниот пат М1(А1-Е75).

Површината на проектниот опфат изнесува 2,68 h.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y04121** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.





5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 34442 од 09.03.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово. Во граници на планскиот опфат влегуваат и дел од КП 3621/2 и дел од КП 5047 кои се дел од магистралниот пат М1(А1-Е75). Површината на проектниот опфат изнесува 2,68 h.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 593/2021 од 23.04.2021 година.

**Условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на КП 3621/1, 3622, 3623, 3625/1 и 3624/1, КО Романовце-вон град, Општина Куманово** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**М И Н И С Т Е Р**
**Naser Nuredini**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk